КИКО И РАКАТА



COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

КИКО И РАКАТА



Ова е Кико.
И веднаш до Кико е пријателот на Кико: раката.
„А како може една рака да ми биде пријател?“ праша Кико.
„Наскоро ќе разбереш“ рече раката.

„Здраво здраво раче! Сакам да летам,
но немам крилја,“ рече Кико.





„Окидоки Кико“ рече раката.
„Јас ќе бидам твојот авион. Можеш веднаш да се качиш, полетувам сега.“

УИИУУУУУУУ, направи авионот.

„Здраво здраво раче! Моите нозе сакаат да танцуваат,
но немам музика,“ рече Кико.


„Окидоки Кико“ рече раката.
„Јас ќе ти бидам музичар. Имам пијано и моите
прсти знаат како да прават музика.“

ПЛИНГ, ПЛОНГ, ПЛИНГ, почна да свири пијаното.





„Здраво здраво раче! Ми се јаде нешто вкусно,
ама не знам што“, рече Кико.





„Окидоки Кико. Јас ќе бидам твојот пекар,“ рече раката. „Сакаш торта од јаболка, чоколадна торта, банана торта или ванила торта?“

„Сакам торта од јаболка, чоколада, банана и ванила!“ рече Кико на целиот глас.

„МЉАЦ, МЉАЦ, МЉАЦ.“



„Здраво здраво раче! Сакам да играм брканица ама не можам сам!“ рече Кико.


„Окидоки Кико. Јас ќе играм со тебе“, рече раката.

„Може да те допрам по косата?“ праша раката.
„Да, секако дека можеш“, рече Кико.



„Може да те допрам на носот?“ праша раката.
„Да можеш“, рече Кико.

„Може да те допрам на раката?“ праша раката.
„Да можеш“, рече Кико.



„А можам ли да те допрам под твојата долна облека?“ прашува раката.

„НЕ!“ вика Кико. „НЕ МОЖЕШ!“



„Одлично Кико“, рече раката.
„Никој не смее да те допира под твојата
долна облека. Тоа е Правилото на долната облека.
И доколку некој го направи тоа, веднаш да му кажеш на некого за тоа.
Немој да го чуваш во себе како тајна.“



„Здраво здраво раче! Сакам да отпатувам во земјата на соништата,
но не знам како да стасам таму“, рече Кико.
„Окидоки Кико. Ќе ти го покажам патот“, рече раката.
„Само легни си во креветчето, затвори ги очите
и ќе стасаш во земјата на соништата“.



ЗЗЗЗЗЗЗЗЗ, заспа Кико.

Едно од пет деца е жртва на сексуално насилство, вклучително сексуална злоупотреба. Оваа книга е изработена од Советот на Европа во рамките на кампањата ЕДНО од ПЕТ за ставање крај на сексуално насилство врз децата.

Council of Europe campaign to stop sexual violence against children

Campagne du Conseil de l'Europe contre la violence sexuelle à l'égard des enfants

one in five un sur cinq

www.coe.int/oneinfive

Наслов на оригиналот:
Kiko and the Hand
© Council of Europe, 2011

Концепт: Grey Amsterdam
Произведено од: Not To Scale
Илустрации: Punga
Благодарност до: Rikky Schrever и Manon Sikkel

Текстот е преземен и се користи со дозвола од Советот на Европа.
Овој документ е објавен во договор со Советот на Европа, но е под единствена одговорност на преведувачот/ите/издавачот/ите.

Репродукцијата на извадоци (до 500 зборови) е дозволена за некомерцијални цели, сè додека е зачуван интегритетот на текстот, извадокот не се користи надвор од контекст, не дава нецелосни информации или на друг начин не го доведува во заблуда читателот во однос на природата, обемот или содржината на текстот. Изворниот текст мора да се наведе на следниов начин: © Совет на Европа, година на објавување - англиско издание;
© Ludwig Boltzmann Gesellschaft - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), октомври 2025 година - превод на македонски јазик

Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или дел од оригиналниот документ треба да бидат упатени до Одделот за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Преку оваа книга за добра ноќ, на децата им се објаснува Правилото на долната облека.
Можете да им ја читате на децата со цел да ја научат разликата помеѓу допирите кои се ОК и допирите кои не се ОК.
За да дознаете повеќе на оваа тема, ве молиме посетете ја страницата www.underwearrule.net

Преводот на македонски јазик и дисеминацијата на оваа публикација се финансирани од Европската Унија во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", имплементиран од Институтот за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман Геселшафт" (LBI-GMR).
LBI-GMR е целосно одговорен за сите печатни и јазични грешки во оваа публикација и истата не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија

Финансирано од Европска Унија

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

MKD

НАУЧЕТЕ ГО ДЕТЕТО КОЕ Е ПРАВИЛОТО НА ДОЛНА ОБЛЕКА.
www.underwearrule.net

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE